Врз основа на член 22 став 1 алинеја 6,  став 5 и став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16 198/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ 143/19 и 14/20), член 22 став 1 алинеја 1 од Законот за работните односи („Службен Весник на Република Македонија“бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19 , 267/20, 151/2021,  111/2023, 39/25 и 74/25), Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**БРОЈ 1/2026**
**за вработување на 2 (два) посебни советници во кабинетот на министерот за животна средина и просторно планирање на определено време**

Министерството за животна средина и просторно планирање објавува оглас за вработување на 2 лица на определено време, до истекот на мандатот на министерот, на следниве позиции:

1. Посебен советник за координација на проекти - 1 извршител;

   Потребни квалификации:
   - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Инженерство и технологија – Хемиско инженерство;
   - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
   - активно познавање на компјутерски програми,
   - со или без работно искуство
   - работно време од 8:30 - 16:30 часот, односно 40 часа неделно;
   - нето плата : **65.000,00** денари.

Покрај горенаведените потребни квалификации, кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолентен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

2. **Посебен советник за евроинтеграции и меѓународни односи - 1 извршител.**

   Потребни квалификации:
   - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Меѓународни комуникации;

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) ;
- активно познавање на компјутерски програми,
- активно познавање на компјутерски програми,
- со или без работно искуство
- работно време од 8:30 - 16:30 часот, односно 40 часа неделно;
- нето плата : **65,000,00** денари.

Покрај горенаведените потребни квалификации, кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолентен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Со пријавата заинтересираните кандидати треба да ја достават следната документација:

- Своерачно потпишана пријава за работното место за кое се пријавуват
- Кратка биографија CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса
- Диплома за завршен степен на образование кое се бара за работно место
- Доказ за познавање на англиски јазик
- Доказ за познавање на комјутерски вештини
- Доказ за бараното искуство
- Уверение за државјанство
- Доказ за општа здравствена способност за работното место и
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна за забрана за вршење професија, дејност или должсонт.

Потребната документација во оригинал или копија заверено на нотар да се достави во затворен коверт директно до Архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање, или по пошта на следнава адреса:

**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**бул. „Пресвета Богородица " бр.3**
**Кабинет за министер**
**(со назнака „за оглас за вработување")**

Рокот за оставување на потребната документација е три (3) дена, сметано од денот на објавување на огласот. Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледувана. По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведеното

работно место, избраните кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Министерството. Министерството ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

**Министерството за животна средина и просторно планирање**